# МАКЕДОНСКИОТ ТЕКСТИЛЕН С
# КУРС НА ЗЕЛЕНАТА ВАЛУТА



УВОЗОТ НА ТЕКСТИЛ И НАТАМУ СЕ ЗГОЛЕМУВА

**Проблемите предизвикани од енормниот пад на курсот на американскиот долар во однос на денарот, стопанствениците ги потенцираат како алармантна состојба и укажуваат дека во случај ако оваа тенденција продолжи тогаш извозниците ќе мораат да ги откажуваат договорите и да ги отпуштаат вработените.**

**Покрај ова, трошоците на работењето сè повеќе се зголемуваат, и тоа во услови на сè поприсутна неликвидност на компаниите и остварувањето негативни резултати од извозот во Соединетите Американски Држави, како и во земјите со доларско плаќање на извозот, поради нискиот пресметковен курс на доларот во однос на денарот. Токму затоа и тековното производство станува сè понерентабилно.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

# ИЗВОЗНИЦИТЕ СТАНУ



СО ДЕЛОВНИТЕ ПАРТНЕРИ ОД СТРАНСТВО СЕ СКЛУЧУВААТ ЗДЕЛКИ СО МАЛИ СЕРИИ И НАМАЛЕНИ ЦЕНИ НА "ЛОН" ДОРАБОТКИТЕ

Македонската текстилна индустрија, за периодот јануари-мај годинава, од извоз на текстилни производи оствари 326 милиони долари, со што нејзиното учество во вкупниот извоз на државава е забележителен. Покрај тоа, овој стопански сектор, според статистичките податоци за периодот јануари-мај во извозот бележи зголемување кај двете гранки, и тоа кај базниот сектор и финалниот сектор, во споредба со истиот период од претходната година.

Но, и покрај сè, загрижува тоа што увозот на текстил за периодот јануари-мај оваа година продолжува да се зголемува во однос на истиот период лани. Колку за илустрација, доколку за првите пет месеци минатата година во Македонија се увезени текстилни производи во вредност од 192 милиона долари, во првите пет месеци годинава се увезени текстилни стоки во вредност од 225 милиони долари. Или во превод, бадијала сè повеќе извезуваме кога сè повеќе и увезуваме.

## ТРОШОЦИ

Покрај ова, трошоците на работењето сè повеќе се зголемуваат, и тоа во услови на сè поприсутна неликвидност на компаниите и остварувањето негативни резултати од извозот во Соединетите Американски Држави, како и во земјите со доларско плаќање на извозот, поради нискиот пресметковен курс на доларот во однос на денарот, тековното производство станува сè понерентабилно. Оттаму и остварувањето на високи загуби од работењето и зголемени социјални тензии. Влошената финансиска положба на претпријатијата, како резултат и на дополнителните проблеми предизвикани и од курсот на доларот во однос на денарот, стопанствениците ја потенцираа како алармантна состојба и бараат итно преземање на мерки на овој план, бидејќи согледувањата и проценките укажуваат на тенденција на натамошно опаѓање на курсот на доларот, што би предизвикало извозниците да се најдат во состојба да ги откажуваат договорите и да ги отпуштаат вработените. Анализите покажуваат дека за изминативе две ипол години падот на доларот изнесува повеќе од 50 отсто, што претставува остварување на помали финансиски средства од извозот. Поради тоа, овој сектор кој, колку за илустрација, вработува повеќе од 40.000 вработени (најзастапена стопанска гранка), секоја година по основ на курсни разлики губи тешко заработени милиони долари, што укажува дека на текстилците помош им е неопходна од државата, и тоа итно.

Бидејќи, доколку ваквата состојба продолжи, лесно може извозниците во САД полека да почнат да стануваат загубари, правејќи загуби наместо добивка од извозот во долари.

## ЕКТОР СЀ ПОВЕЌЕ НА УДАР ОД НИСКИОТ




**ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ДОЛГОГОДИШНИ ПАРТНЕРИ ОД ЗАПАДНА ЕВРОПА И ОД САД СВОЈОТ ИНТЕРЕС ГО СВРТУВААТ КОН КИНА, ПАКИСТАН, ВИЕТНАМ**

# ВААТ ЗАГУБАРИ?

### МЕРКИ

**За интервентно наоѓање решенија и времено премостување на негативните ефекти, текстилците под итно од државата бараат: краткорочно ослободување од плаќање на придонеси и даноци за вработените, финансиска поддршка преку префрлање од вишокот на приходите над расходите од Народна банка, надоместокот на плата за спреченост за работа која го исплатува работодавецот да се сведе на седум дена на терет на претпријатието и финансиска поддршка при извозот.**

## КОНКУРЕНЦИЈА

Покрај ова, присутната економска криза на европскиот и на американскиот пазар, во услови на сѐ поголемата конкуренција која доаѓа од Далечниот Исток, предизвикува сериозни тешкотии во остварувањето на тековната репродукција и на извозните активности. Традиционалните долгогодишни партнери од Западна Европа и САД го селат капиталот, при што својот интерес го свртуваат кон Кина, Пакистан, Виетнам и други земји, што ќе придонесе за појава на негативни ефекти врз извозните можности на текстилната индустрија.

Во изминатиов период, присутна е намалена работа со деловните партнери од странство, склучувајќи договорни зделки со мали серии и намалени цени на "лон" доработките. Конфекциите укажуваат дека нивната ориентација на вршење "лон" производството не обезбедува стабилно работење, при што вистинскиот развој е можен само преку "чистиот класичен извоз".

Во оваа насока, паралелно со вака влошената состојба, присутен е и сѐ поголемиот притисок од оние странски партнери кои ја продолжија соработката за намалување на и така малите извозни цени, што на текстилците им предизвикува значителни тешкотии. Притоа, текстилниот сектор е изложен и на сѐ поголем удар од страна на шверцот и на сѐ поприсутната сива економија, што придонесува за "фиктивно" намалување на потрошувачката на домашниот пазар, одлевајќи го профитот во нелегални канали.

Ваквиот економски удар предизвика натамошна ерозија на капиталот од овој сектор, со што му е намалена конкурентната способност на извозното стопанство, а особено е влошено структурното учество во извозот, со нагласено место на "лон" доработките и малото учество во финализацијата на производите.

Оттука не изненадува тоа што Македонија е земја на сиромаштија, бидејќи фактите се немилосрдни. Според новите статистички податоци, во 2007 година стапката на сиромаштија била 29,4 отсто, или сиромашни се околу 650.000 жители. Тоа е една третина од вкупниот број жители, чии приходи не ги задоволуваат минималните животни потреби.

Најлошо од сѐ е тоа што со години Македонија не мрднува од овие црни состојби. Вкупниот збирен индекс на сиромаштија во 2004 година бил 29,6 проценти; во 2005 година изнесувал 30; а во 2006 година достигнал 29,8 проценти. Значи, и пред две години, како и сега, приближно 30 проценти од вкупното население живеело во сиромаштија, или со два ипол долара на ден, според светски стандарди.

Покрај ова, 62.000 семејства се на социјалните списоци, а просечната плата во противвредност е 250 евра, со која, исто така, сме последни во Европа.

А кога се знае фактот дека текстилната индустрија е лидер по вработување во Македонија, мора да се преземат итни мерки за да се санираат штетите кои оваа стопанска гранка ги трпи од остварувањето на негативни резултати од извозот во САД, како и во земјите со доларско плаќање на извозот, поради нискиот пресметковен курс на доларот во однос на денарот. И тоа за доброто на сите, а не само за текстилните работници.

